**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-426
14.08 **2018 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1, 8 и 13 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а во врска со член 14 и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13 и 13/14), точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.10-3538/1 од 31.07.2018 година и Овластувањето бр.03-3046/1 од 28.06.2018 година, поради неисполнување на обврската за објавување на податоци согласно со член 14 од Законот за медиуми од страна на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани, овластеното лице од страна на Директорот на Агенцијата, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани, заради извршена повреда на член 14 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13 и 13/14), а казнива по член 30 став 1 точка 3 и став 2 од истиот Закон, на начин што Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани во дел од емитуваните програми на 4 јули 2018 година, во рамките на својот програмски сервис, во емисиите со наслов: „Старите добри времиња“ емитувана во периодот од 01:14:43 часот до 02:13:27 часот, во периодот од 07:27:10 часот до 08:25:53 часот и во периодот од 13:39:39 часот до 14:32:57 часот; „Ѓурѓовденски обичаи“ емитувана во периодот од 02:21:11 часот до 03:22:56 часот; „Во светот на децата” емитувана во периодот од 09:55:58 часот до 10:31:53 часот и во перидот од 16:09:15 часот до 16:44:14 часот; „Авто плус” емитувана во периодот од 20:40:30 часот до 21:19:20 часот и „Време е за бебе” во периодот од 04:19:11 часот до 04:48:49 часот и во периодот од 15:39:10 часот до 16:09:15 часот, не ги објави податоците со кои: се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини; за носителот на авторските права; за одговорниот уредник/уредниците на програмите; за потеклото и за датумот на продукција на аудиовизуелните дела; името на медиумот од каде што е преземена содржината итн., кои податоци радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов на емисија, период на емитување (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-3538/1 од 31.07.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани, во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), надлежна е да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со обврските од членовите 6, 8, 14 и 15 од Законот за медиуми.

Во согласност со член 29 став 2 од Законот за медиуми, мерките кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како надлежно регулаторно тело може да ги преземе, а кои се утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од Законот за медиуми.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка – решение за опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за програмски работи, на 31 јули 2018 година, изврши редовен административен надзор на телевизискиот програмски сервис на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани, емитуван на 4 јули 2018 година, при што констатираше прекршување на член 14 од Законот за медиуми.

Имено, со надзорот е констатирано дека Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани во дел од емитуваните програми на 4 јули 2018 година, во рамките на својот програмски сервис, во емисиите со наслов: „Старите добри времиња" емитувана во периодот од 01:14:43 часот до 02:13:27 часот, во периодот од 07:27:10 часот до 08:25:53 часот и во периодот од 13:39:39 часот до 14:32:57 часот; „Ѓурѓовденски обичаи" емитувана во периодот од 02:21:11 часот до 03:22:56 часот; „Во светот на децата" емитувана во периодот од 09:55:58 часот до 10:31:53 часот и во перидот од 16:09:15 часот до 16:44:14 часот; „Авто плус" емитувана во периодот од 20:40:30 часот до 21:19:20 часот и „Време е за бебе" во периодот од 04:19:11 часот до 04:48:49 часот и во периодот од 15:39:10 часот до 16:09:15 часот, не ги објави податоците со кои: се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини; за носителот на авторските права; за одговорниот уредник/уредниците на програмите; за потеклото и за датумот на продукција на аудиовизуелните дела; името на медиумот од каде што е преземена содржината итн., кои податоци радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов на емисија, период на емитување (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-3538/1 од 31.07.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1, 8 и 13 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 14 и член 29 од Законот за медиуми, точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст), бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.10-3538/1 од 31.07.2018 година и Овластувањето бр.03-3046/1

од 28.06.2018 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, овластеното лице од страна на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе Решение, со кое се опоменува Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани и му се наложува во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него издавачот на медиум (радиодифузерот) може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**по овластување на Директорот,**

**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**

**Правна поука:** Против ова решение издавачот на медиум (радиодифузерот) може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**
-Писмен извештај за извршен административен надзор бр.10-3538/1 од 31.07.2018 година.

**Доставено до:**
- Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани;
- Управителот на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани;
- Одговорното лице на програмата во Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани;
- Сектор за правни работи;
- Сектор за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 31-07-2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3538 | 1 | |

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. Вид надзор: редовен

2. Субјект на надзорот: телевизискиот програмски сервис на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани;

3. Период опфатен со надзорот: 4 јули 2018 година;

4. Датум на извршување на надзорот: 31 јули 2018 година;

5. Предмет на надзорот:

   - Член 14 од Законот за медиуми (Импресум)

   - Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Информации достапни за корисниците)

   - Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Идентификација на радиодифузер)

6. Претходно изречена мерка: нема;

7. Констатации од надзорот:

Со редовниот административен надзор врз програмскиот сервис на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани, емитуван на 4 јули 2018 година, на локално ниво (Општина Кочани, Општина Виница, Општина Чешиново - Облешево и Општина Зрновце), констатирано е прекршување на членот 14 од Законот за медиуми.

Во дел од програмите емитувани на 4 јули 2018 година, не се објавени податоците со кои: се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник / уредниците на програмите, за потеклото и за датумот на продукција на

аудиовизуелните дела, името на медиумот од каде што е преземена содржината итн., што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

4 јули 2018

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| „Старите добри времиња" | 01:14:43 | 02:13:27 | Не се објавени податоците утврдени во член 14 од Законот за медиуми |
| | 07:27:10 | 08:25:53 | |
| | 13:39:39 | 14:32:57 | |
| „Ѓурѓовденски обичаи" | 02:21:11 | 03:22:56 | |
| „Во светот на децата" | 09:55:58 | 10:31:53 | |
| | 16:09:15 | 16:44:14 | |
| „Авто плус" | 20:40:30 | 21:19:20 | |
| „Време е за бебе" | 04:19:11 | 04:48:49 | |
| | 15:39:10 | 16:09:15 | |

8. Опис на прекршувањето:

Спротивно на членот 14 од Законот за медиуми, програмскиот сервис на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани, во дел од емитуваните програми на 4 јули 2018 година, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

9. Предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани и согласно со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*